РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 12-2747/2
09-11-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 41- та седница одржана на 30.10.2026 година ја донесе следната

ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-2747/1 од 04.09.2026 година, во која се изнесени наводи за сомневање за одземање на недвижности и друг имот од физичко лице, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување, од причина што за предметните наводи и пријавените дејствија подносителот веќе се обратил и до други државни органи. По однос на наводите од пријавата кои се однесуваат за нанесена лична материјална штета на подносителот ДКСК има постапувано и донесено одлуки од своја надлежност.

Предметот со број 12-2747/1 од 04.09.2026 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 04.09.2026 година, доставена е пријава во која се изнесени наводи за сомневање за одземање на недвижности и друг имот од физичко лице по што оформен е предмет со број 12-2747/1 од 04.09.2026 година. Во пријавата е наведено сомневање за злосторничко здружување од страна на судии, извршители, адвокати, нотари и други чинители заради преземени незаконски дејствија со цел да му се одземат недвижности и друг имот на подносителот стекнат преку наследство со што му била нанесена лична материјална штета и нарушена здравствена состојба.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Исто така подносителот се обратил и до други надлежни органи.

По разгледувањето на пријавата и наводите во неа ДКСК констатира дека, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, од причина што веќе е постапено по предмети со иста фактографија на наводи со предметните наводи и за истото се има веќе произнесено и има донесено Одлуки од своја надлежност на 51-та седница одржана на 31.08.2021 година заведена под број 12-1583/4 од 16.11.2021 и на 8-та седница одржана на 24.07.2024 година со број на Одлука 12-1091/2 од 26.07.2024 година.

Предметните одлуки се објавени на веб страницата на ДКСК, а до подносителот на пријавата е доставено известување за надлежното постапување на ДКСК.

Врз основа на наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изработил: П.Б, советник
Контролиал Ј.Ц, раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на Сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш, член на ДКСК

Доставено до:
-Подносителот на пријавата